Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 11 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Конче,

Советот на Општина Конче на седницата одржана на ден 04.03.2026 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за утврдување на критериуми за доделување на еднократна парична помош за лица кои склучиле брак

### Член 1

Со овој Правилник се определуваат критериуми за остварување на еднократна парична помош за склучување на бракови на лица со наполнети до 35 години возраст и лица со наполнети 35 или повеќе години возраст, жители на Општина Конче со постојано место на живеење (физичко присуство) минимум една година во Општина Конче.

Местото на живеалиште и постојано престојувалиште, се докажува со приложување на копија од личен документ за идентификација.

### Член 2

Согласно Програмата за активностите на Општина Конче во областа на социјалната заштита и заштитата на децата:

-еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети до 35 години возраст во износува 30.000 денари;

-еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети 35 или повеќе години возраст износува 120.000 денари.

### Член 3

Право на користење на еднократна парична помош за склучување на бракови на лица со наполнети до 35 години возраст и лица со наполнети 35 или повеќе години возраст од општина Конче, имаат лицата кои ги исполнуваат следните критериуми :

- момче/девојка со наполнети до 35 години и момче девојка со наполнети 35 или повеќе години возраст со постојано место на живеење во општина Конче (физичко присуство минимум една година);
- да немаат родено деца во вонбрачна заедница со лицето со кое што стапува во брак.

Поднесувачот на барањето за еднократна парична помош приложува:

- Фотокопија од лична карта од брачните другари;
- Фотокопија од патна исправа од брачните другари;
- Извод на матична книга на венчаните;
- Фотокопија од трансакциска сметка;
- Доказ дека немаат родено деца во вонбрачна заедница со лицето со кое што стапува во брак (Изјава);
- Доказ за платена административна такса

Член 4

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, по утврдените критериуми ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Конче.

Барањето се поднесува најдоцна до 3 (три) месеци од  денот на склучување на бракот и запишување во матичната книга на венчани. За секое поднесено Барање, се изготвува записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош во кој се констатира дали барателите ги исполнуваат критериумите за доделување на еднократна парична помош за склучување на бракови на лица со наполнети до 35 години возраст и лица со наполнети 35 или повеќе години возраст.

Доколку барателот достави некомплетна документација, наведена во член 2 од овој Правилник, Комисијата од став 2 на овој член е должна да му достави известување на барателот и да го задолжи во рок од 5 дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите. Доколку барателот не ги комплетира документите во наведениот рок ќе се смета дека не ги исполнува условите за доделување на еднократна парична помош и истиот ќе биде одбиен со Решение за одбивање на барањето за доделување на еднократна  парична помош, по истекот на рокот за докомплетирање на барањето предвиден во став 3 на овој член.

Доколку Барателот достави уредна и комплетна документација, од страна на Градоначалникот на Општина Конче се донесува Решение за доделување на еднократна парична помош во рок од 30 дена од приемот и комплетирањето на барањето.

Член 5

Со стапувањето на сила на овој Правилник престанува да важи одлуката за определување на критериуми за остварување на еднократна парична помош за прво, второ, трето и  секое наредно родено дете  и еднократна парична помош за склучување на бракови на лица со наполнети 35 или повеќе години возраст на лица жители на Општина Конче со архивски  број 08-1700/6 од 27.11.2024 година.

Член 6

Правилникот  влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен  гласник на Општина Конче” а ќе се применува од 2026 година.

Број 08-450/17<br>Дата 04.03.2026<br>Конче

Совет на Општина  Конче<br>Претседател,<br>Бранкица Вчкова,